РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-909/1
23-02-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28-та седница одржана на ден 17.02.2026 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 08-109/1 од 09.01.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-109/1 од 09.01.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-109/1 од 09.01.2023 година е оформен по сосптвена иницијатива врз основа на поднесена пријава во која се изнесени наводи за неподнесување на анкетен лист и стекнување во сопственост недвижен имот и правни субјекти (компании) од страна на службено лице _______________, комунален инспектор во _______________.

Во однос на наводите за неподнесување на анкетен лист, врз основа на податоците добиени од _______________ за работното искуство на пријавеното лице, ДКСК утврди дека истото нема обврска за пријавување на имотната состојба и интереси согласно членот 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај и проверка на останатите наводи, ДКСК прибави податоци за имотот на _______________ од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Македонско кредитно биро. Воедно е извршен увид во дистрибутивниот систем на Ценралниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По анализа на прибавените податоци, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р А.А.Т, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член